# III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија

## Основни индикатори за надворешно-трговските и девизните движења

| | месец | Износ (милиони УСД) | Месечни промени во % | I-VI.2003 (милиони УСД) | Промени во % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во однос на ист период од претходната година |
| **Надворешно-трговска размена** | VI.2003 | 288,9 | -12,0 | 1.751,1 | 24,2 |
| **Извоз** | VI.2003 | 112,5 | -6,3 | 644,5 | 27,0 |
| **Увоз** | VI.2003 | 176,4 | -15,3 | 1.106,6 | 22,5 |
| **Салдо** | VI.2003 | -64,0 | -27,5 | -462,2 | 16,8 |
| | | | | | во однос на крајот од претходната година |
| **Надворешен долг на РМ** | VI.2003 | 1.615,4 | -1,1 | - | 6,4 |
| | | | | | во однос на истиот месец од претходната година |
| **Девизен курс на девизен пазар** (денари за единица странска валута) | VI.2003 | | | | |
| **МКД / УСД** | | 53,69 | 3,4 | | -13,5 |
| **МКД / ЕВРО** | | 61,28 | -0,2 | | 0,5 |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.

## 3.1. Надворешно-трговска размена[13]

*Стоковната размена со странство во јуни 2003 година пониска за 12,0% на месечна основа...*

Двете основни компоненти на надворешно-трговската размена на Република Македонија со странство, извозот и увозот, во јуни 2003 година забележаа месечно намалување од 6,3% и 15,3%, соодветно, што услови пад од 12,0% на вкупниот обем на размената. Притоа, вкупната размена со странство во јуни изнесуваше 288,9 милиони САД долари, додека извозот и увозот изнесуваа 112,5 милиони САД долари и 176,4 милиони САД долари, соодветно. Во структурата на извозот[14] во јуни 2003 година доминантно учество од 25,1% има облеката; железото и челикот учествуваат со 18,9%; на пијалоците и тутунот отпаѓа 12,9% од извозот. Месечното намалување на извозот се должи на падот на сите позначајни извозни производи, односно железото и челикот за 13,5%, производите од нафта за 12,0% и облеката за 10,3%. Во структурата на увозот, во јуни 2003 година најзначајно учество имаат друмските возила со 5,3% во вкупниот увоз; нафтата и нафтените производи со 5,0% и увозот на железо и челик 4,8% од вкупниот увоз. Намалувањето на увозот на месечно ниво се должи главно на пониският увоз на нафта и производи од нафта (месечен пад од 47,1%), како и на високиот пад на увозот на облека заради високата споредбена основа (увозот на облека во јуни е една десетина од мајскиот, кој беше највисок месечен увоз на облека во последните пет години). Согласно ваквите движења, дефицитот на трговскиот биланс изнесуваше 64,0 милиони САД долари и на месечна основа забележа намалување за 27,6%.

*...при истовремен пад на извозот и увозот на стоки*

На годишно споредбено ниво (јуни 2003 / јуни 2002 година) вкупната стоковна размена на Република Македонија со странство бележи пораст од 10,9%, при пораст на извозот и увозот од 14,3% и 8,9%, соодветно. Дефицитот во размената на годишна основа бележи благ пораст од 0,6%.

Графикон 24
Извоз, увоз и салдо на надворешно-трговската размена
(во милиони САД долари)




*Во првото полугодие од 2003 година стоковната размена забележа пораст од 24,2%*

Надворешно-трговската размена на Република Македонија во првото полугодие од 2003 година забележа кумулативен пораст од 24,2%, достигнувајќи 1.751,1 милион САД долари. Притоа, регистриран е пораст на извозната компонента од 27,0%, при пораст на увозот од 22,5% (извозот и увозот во анализираниот период

[13] Претходни податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Извозот на стоки е прикажан на ф.о.б. основа, додека увозот на стоки е прикажан на ц.и.ф. основа.

[14] Учеството на одделни производи е според поделбата на сектори и отсеци заснована на системот на меѓународната трговска класификација.

достигнаа вредност од 644,5 милиони САД долари и 1.106,6 милиони САД долари, соодветно). Од аспект на извозот, во периодот јануари-јуни 2003 година во однос на истиот период од претходната година, динамизирање бележи пласманот на железо и челик за 75,2%. Тоа се должи на подобрените перформанси на домашната челична индустрија, како и на зајакнатата соработката помеѓу челичните индустрии од регионот во насока на нејзино унапредување. Истовремено, кај извозната активност на текстилната индустрија (речиси во целост доработки) регистриран е пораст на извозот на облека во анализираниот период за 29,0%. На страната на увозот, анализата од аспект на одделни производи во првото полугодие од 2003 година укажува на пораст од 60,8% на увозот на железо и челик споредено со истиот период од претходната година, увозот на нафта и нафтени производи е повисок за 43,0%, а увозот на медицински и фармацевтски производи за 36,7%. Покриеноста на увозот со извоз во периодот јануари-јуни 2003 година изнесува 58,2%, што претставува подобрување за 2,0 процентни поени споредено со истиот период од претходната година.

***Европската Унија - доминантна групација на земји во стоковната размена на Република Македонија***

Во периодот јануари-јуни 2003 година, 55,7% од вкупно извезените стоки беа пласирани во Европската Унија (ЕУ), додека 45,0% од вкупно увезените стоки во Република Македонија потекнуваат од оваа интеграција. Извозот кон ЕУ во анализираниот период споредено со истиот период минатата година бележи зголемување за 32,9%, а увозот е повисок за 23,8%. Покриеноста на увозот со извоз со ЕУ изнесува 72,1%. Пласманот кон републиките од поранешна СФРЈ е зголемен за 16,3%, додека увозот од овој регион бележи раст од 17,0%. Кон земјите од Централна и Источна Европа, евидентиран е пораст на пласманот од 23,3%, додека обемот на увезени стоки од овој регион е поголем за 26,9%.

Графикон 25
Стоковна размена на Република Македонија според групации на земји, I-VI.2003 година




Во првите шест месеци од 2003 година, набљудувано по поделни земји, најзначајни надворешно-трговски партнери на Република Македонија се: Германија (со учество од 15,8% во вкупната размена), Грција (со 14,8%) и Србија и Црна Гора (со 13,0%). Притоа, во првото полугодие од 2003 година споредено со истиот период од минатата година, извозот кон Германија бележи зголемување од 16,3%, а увозот за 13,8%; извозот кон Грција е повисок за 64,0%, а увозот е за 63,3%; извозот кон Србија и Црна Гора е зголемен за 15,4%, а увозот е повисок за 26,7%. Покриеноста на увозот со извоз во однос на Германија, Грција и Србија и Црна Гора изнесува 93,3%, 49,6% и 117,4%, соодветно.